Врз основа на член 12 став (4) алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.13/23 и 59/25), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Технолошката индустриска развојна зона „Прилеп“, на 09.05.2025 година го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

01-855/9
09.05.25

# ТАРИФНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ТИРЗ „ПРИЛЕП “ НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН КОРИСНИЦИТЕ НА ТИРЗ „ПРИЛЕП“

## I

| | Опис на услуга | Цена во МКД |
|---|---|---|
| 1. | **Месечен паушал за одржување на инфраструктурата во ТИРЗ „Прилеп“**<br>- одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини= 0,62 мкд/ $м^2$;<br>- одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 0,62 мкд/ $м^2$<br>- 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 0,62 мкд/ $м^2$<br>- 24-часовна контрола при влез и излез во зоната= 0,62мкд/ $м^2$<br>- обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган= 0,62 мкд/ $м^2$ | **3,10 МКД/$м^2$ закупен простор** |
| 2. | **Запис за влез/излез при обавување на увоз, извоз, реекспорт и евиденција за влез и излез на стоки во ТИРЗ согласно Правилникот за задолжителните податоци кои треба да ги содржи евиденцијата и записот од евиденцијата за внесување или изнесување на стоки/добра во или од технолошка индустриска развојна зона и образецот од записот од евиденцијата.<br>Наплатата се врши по број на изготвени Записи за влез/излез во и од ТИРЗ „Прилеп“.** | **450,00 МКД по запис** |
| 3. | **Мерење на вага на возило** | **450,00 МКД** |
| 4. | **Закупнина за 1$м^2$ затворен магацински простор** | **200,00 МКД месечно** |
| 5. | **Закупнина за 1$м^2$ отворен магацински простор** | **60,00 МКД месечно** |
| 6. | **Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 5$м^2$** | **6.000,00 МКД месечно** |
| 7. | **Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 15$м^2$** | **8.500,00 МКД месечно** |
| 8. | **Поставување на контејнери за опслужување на корисници до 30$м^2$** | **12.500,00 МКД месечно** |
| 9. | **Закупнина за поставување на банкомат** | **6.000,00 МКД месечно** |
| 10. | **Долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште за инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура** | **600,00 МКД/ $м^2$ месечно** |
| 11. | **Услуги со повеќенаменска машина** | **2.500,00 МКД/ 1 час** |

*Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

## II

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, обврските од делот I точка 1 од овој тарифник, паѓаат на товар на закупецот на земјиштето кој ќе го гради објектот за потребите на корисникот.

## III

Во случај кога за потребите на корисник на технолошко индустриска развојна зона закупец на земјиште кој има склучено договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона ќе гради објект во технолошката индустриска развојна зона, износите на услугите утврдени во делот I точка 1 од овој тарифник ќе се фактурираат со пресметано ДДВ.

## IV

Висината на еднократниот надоместок за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за засновањето на право на стварна службеност при изградба на линиски инфраструктурни објекти (електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура) кои ги градат даватели на услуги од јавен интерес во рамките на опфатот на Технолошко индустриската развојна зона „Прилеп" се утврдуваат според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност.

## V

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

По исклучок, во услови на постоење на пандемија, епидемија, поплава, војна, блокада, бунт, гром, пожар, бура, експлозија, земјотрес, нерасположиви материјали што се набавуваат на слободниот пазар, надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 180 дена од денот кога корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник ја примил фактурата во архивата на корисникот односно на закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за конкретна парцела на корисникот односно закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I точки 1 и 2 од овој тарифник, корисникот односно закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник е обврзан да ја плаќа од денот на добивање на Решение за започнување со работа од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, односно од денот на склучување на договорот за закуп кога е склучен договор за закуп на земјиште во технолошката индустриска развојна зона со закупец на земјиште кој ќе гради објект за потребите на корисник.

## VI

Изготвувањето на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ „Прилеп" од дел I точка 2 на овој тарифник се врши по избор на корисникот и тоа: по превозно средство или по фактура за стока транспортирана со повеќе превозни средства со неограничен број на влез/излез на превозни средства во текот на денот најдоцна до 24 часот.

Секоја стока со вредност помала од 6.200,00 МКД е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ „Прилеп" и мерење на вага на возило од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

По исклучок од став 1 на овој дел домашна стока која со вкупен износ на надоместок за извршен промет, без данок на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000,00 денари, како и во случаи при промет на домашна стока наменета за крајна потрошувачка согласно со Законот за данокот на додадена вредност, е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ „Прилеп" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник согласно член 41 од Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Стока наменета за испитување, истражување, анализирање или тестирање согласно со член 196 точка 8 од Царинскиот закон е ослободена од плаќање на Записот за влез/излез во и од ТИРЗ „Прилеп" од дел I точки 2 и 3 на овој тарифник.

**VII**

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.221/22).

**VIII**

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Претседател на Управен одбор
Виолета Самарџиска